# Барање за прибирање на понуди за испорака на локални акции – обуки во 8 плански региони

во рамки на проект

**„Национална платформа за женско претприемништво (NPWE)“,**

**кофинансиран од Европската Унија**

Скопје, 31.07.2023

## Инструкции за понудувачи

### 1. ВОВЕД

Здружението на бизнис жени со седиште на ул. Христо Татарчев бр. 25, 1/3 1000 Скопје (Нарачател), кое го спроведува проектот „Национална платформа за женско претпримништво (NPWE)“, кофинансиран од Европската Унија, во соработка Фондација за менаџмент и индустриско истражување и Сојуз на Стопански комори на Македонија за спроведување на проектните активности, Ви доставува Барање за прибирање на понуди за испорака на локални акции – обуки во 8 плански региони.

Понудувачот во случај на избор на неговата понуда е должен да обезбеди фактура од Управата за јавни приходи без ДДВ, заради исплата на средства од грант на Европската Унија.

**Цел на проектот:**

**Општа цел:** Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за јавна политика и застапување во областа на ЖП со спојување на постојните мрежи во единствена платформа што ќе претставува интерес на жените претприемачи на сите нивоа.

**Специфични цели:**

- Градење на национална платформа за ЖП како главен социјален партнер за креирање политики и реформски процеси;
- Олеснување на структурниот дијалог, вмрежување и консултации меѓу засегнатите страни од ЖП на национално и локално ниво;
- Подобрување на капацитетите на граѓанските организации за ЖП за политика, застапување и соработка со националните и локалните власти;
- Промовирање на жени претприемачи како двигатели на промените во јавната политика и (младинско) економско зајакнување поврзани со ЖП;

- Придонес кон видливоста и опфатот на платформата.

## 2. ОПИС НА ПОТРЕБНИТЕ УСЛУГИ

Понудувачот во понудата треба да:

- Изработи програма за следните теми

  **- Човекови права и бизнисот - жените на прво место и на локално ниво**

  **- Новитетите во транзицијата/промените во општеството- што значи за жените just transition, влијанието од локално кон национално ниво и обратно;**

  **- Декларации/документи/однесување и постапување кај бизнисите, приватните и јавните работодавачи и човековите/женските/работничките права;**

  **- Одговорни партнерства на бизнисите на локално ниво;**

  **- Формирање на локални бизнис/женски бизнис клубови на локално ниво.**

- Дадените теми треба да се испорачаат во максимум во два цисклуси (два дена) на обуки посебно во сите 8 плански региони

- Да ги реализира обуките со свој тренер/и во сите 8 плански региони

*Обуките треба да се спроведат во временски интервал: Септември – Ноември 2023 година

*Патните трошоци се на товар на понудувачот, односно не се покриени од страна на Здружение на бизнис жени

*Организацијата на обуките и капацитетот за одржување е во надлежност на Здружение на бизнис жени и не спаѓа во набавката за овој повик

## 3. ЦЕНА

Предложените цени за побараните производи / услуги треба да се фиксни, без вклучен ДДВ и изразени во денари.

## 4. ПОТРЕБНИ КРИТЕРИУМИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ:

**Критериуми**

Експертот/ите треба да ги исполнува следните критериуми:

- Најмалку 3-годишно релевантно работно искуство во изработка на тренинг програми

- Најмалку 3-годишно релевантно искуство во држење на обуки и работилници
- Познавање од областа на која се однесува повикот
- Одлични меѓучовечки и комуникациски вештини;
- Докажани способности за планирање и организација, и имплементација на активности од зачеток до финално известување;
- Способност за тимска работа

## 5. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНКА НА ПОНУДИ

Следниве критериуми ќе бидат искористени за оценка на добиените понуди:

**Технички критериуми** Бодови

Предложена програма 30

Портфолио на понудувачот 20

**Финансиски критериуми** Бодови

Цена 50

## 6. ПРОЦЕДУРА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Заинтересираните субјекти треба да достават скенирани понуди со технички и финансиски предлог на е-маил contact@abw.mk најдоцна до 10.08.2023 година.

## 7. ИНФОРМАЦИИ

Повеќе информации може да бидат побарани на на е-маил contact@abw.mk

Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за набавка со прибирање на понуди ќе бидат електронски известени за нивната евалуација, по донесување на одлуката за доделување на договорот за набавката.

Условите и начинот на плаќање ќе бидат регулирани со потпишувањето на договорот за испорака на услугите предвидени со ова Барање. Добавувачот гарантира дека целокупниот материјал нема да се користи за други намени, освен за оние на проектот „Национална платформа за женско претпримништво (NPWE)“.